Туристичка Агенција ``ТЕРРА ТРАВЕЛ СКАЈ `` ул. Луј Пастер Бр:9- Палата Македонија – Скопје
Тел: +389 2 3100 199 / 3100 177
Лиценца А Рег.Број:13-5859/2
www.terratravel.com.mk terratravel@terratravel.com.mk

# ПОРТО И ЛИСАБОН

## *со посета на градовите Фатима и Коимбра*





**Авион 7 дена / 6 ноќи**

### 1.ден 12.04.2018 (Четврток) СОФИЈА – ФРАНКФУРТ - ЛИСАБОН

Во раните утрински часови предвидено поаѓање за Софија. Пристигнување на интернационалниот аеродром на Софија.Полетување за Франфурт во 14:00h (LH 1427), слетување во 15:20h во Франкфурт. лет за Лисабон во 20:25h (LH 1496). Слетување во Лисабон во 22:25h, организиран трансфер до хотел и сместување. **Ноќевање**

### 2.ден 13.04.2018 (Петок) ЛИСАБОН

**Појадок.**По појадокот разглед на главниот и најголемиот град на Португалија, кој совршено ја отсликува португалската култура, комбинација од модерна култура која сепак го задржува своето кулутрно наследство и традиција.Разглед на Плоштадот Маркиз де Помбала, авенија на Слободата, централниот Плоштад Росио,срцето на Лисабон,познат уште како и плоштад Педро IV, Плоштадот Рестауредорес со споменикот, кој е симбол на ослободувањето на Португалија од шпанската власт,Плоштадот Комерцио,Кулата Белем и Манасторот на Св.Жероним,кои преставуваат светско културно наследство под заштита на УНЕСКО. **Ноќевање.**

### 3.ден 14.04.2018 (Сабота) ЛИСАБОН – ПАРК НА НАЦИИТЕ

**Појадок.**По појадокот заминување на прошетка во квартот Парк на нациите, лоциран во источниот дел на градот изграден за потребите на EXPO '98 последната најголема светска изложба во 20-ти век,денес преставува футуристички архитектонски комплекс.Тоа е Комбинација на многубројни изложбени простори,привлецни шеталишта,најголемиот океанографски музеј,продавници и ресторани.Можност за возење со жичарата која овозможува спектакуларна глетка кон најдолгиот мост во Европа 17км ,,Васко де Гама". Во попладневните часови препорачуваме прошетка во квартот Алфама.
Тој преставува најстариот кварт во Лисабон и единствениот поштеден од катастрофалниот земјотрес во 1755, налик на прекрасен лавиринт со тесни калдрмени улици. Можност за возење со стариот трамвај до Катедралата и Замокот од каде ќе уживате во незаборавен поглед на централниот дел на Лисабон. Можност за посета на ресторан со традиционална португалска музика- Фадо.**Ноќевање**

### 4.ден 15.04.2018 (Недела) ЛИСАБОН – СИНТРА – КАБО де РОКА – КАШКАИШ – ЕСТОРИЛ

**Појадок.**По појадокот организиран целодневен факултативен излет на околината на Лисабон. Прошетка до Синтра, кој поради својата пријатна клима во минатото преставувала летна резиденција на кралското семејство, истиот во 1955г. УНЕСКО го прогласува за културно светско наследство. Патувањето продолжува кон Кабо де Рока, кое е најзападната точка на континентална Европа. Неговите координати се впишани на камен, сместен на 'рт длабоко во Атлантикот.Продожуваме кон Кашкаиш, шармантно гратче лоцирано на брегот на океанот, поврзано со Есторил, денес двата преставуваат монденски летувалишта познати по своите песочни плажи.Враќање во Лисабон. Можност за посета на шопинг центар. **Ноќевање**

**5.ден 16.04.2018 (Понеделник) ЛИСАБОН- ПОРТО**
**Појадок.** По појадокот одјвување од хотел и заминување кон Порто. Организиран трансфер до Порто со попатна посета на **Фатима и Куимбра**. Иако во минатото Фатима преставувала село, денес е важен центар на аџилук на католишките верници.Името го добива по муслиманската принцеза Фатима, која што била грабната од христијанските сили и христијанизирана на сила. Коимбра, четвртиот најголем урбан ценатар во Португаилја (по Лисабон, Порто и Брера), кој се протега долж реката Мондего. Покрај големиот број на историски знаменитости од посебно значење е Универзитетот Коимбра, најстарата академска институција во Португалија, основана во 1290. година, во минатото имал и свој сопствен суд и затвор за студенти и професори кој се наоѓал под библиотеката.Пристигнување во Порто. Сместување во хотел. Слободно време за индивидуални активности.**Ноќевање**

**6.ден 17.04.2018 (Вторник) ПОРТО**
**Појадок.** По појадокот заминуваме за разглед на Порто. Втор град по големина во Португалија, лоциран во северниот дел, град кој полека но сигурно го зазема своето место на еден од најпосетените туристички градови во Европа. Познат по виното, кое што го носи истото име, како и по својата историја, туристичките атракции и бројните кафулиња, ноќните клубови, кои го прават градот вибрантен Посета на најстариот кварт Рибериа, кој е светско наследство под заштита на УНЕСКО, лоциран на ридот на градот, со поглед кон реката Дуро, посета на црквата Сан Франциско од 14 век која е главна атракција изградена во готички стил со позлатени резби, Авенијата Алиадос, Палатата Бурзе , прекрасен неокласичен споменик (изграден од 1842 до 1910 година)...Разглед на градот со попатна посета на локална винарија и дегустација на познатото португалско вино. Можност за прошетка по квартот Рибеира и пловидба со традиционален чамец. **Ноќевање**

**7.ден 18.04.2018 (Среда) ПОРТО – ФРАНКФУРТ - СОФИЈА**
**Појадок.**По појадокот одјавување од хотел и организиран трансфер до аеродром.Слободно време до лет за Франкфурт во 12:25h (LH 1177),слетување во Франкфурт во 16:00h. Нареден лет во 19:00 од Франкфурт до Софија (LH 1428), слетување во Софија во 22:10h.Органзииран трансфер од Софија. Пристигнување во Скопје по полноќ.

## Цена за уплата до 21 Март:699€ (43.338 денари)

## ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ:779€ (48.300ден)

**Во цена е вклучено:**

- ✓ Авио билет на релација Софија –Франкфурт –Лисабон, Порто –Франкфурт- Софија со авио компанијата Lufthansa Airlines
- ✓ Чекирано парче багаж до 23кг и рачен багаж до 8кг
- ✓ 4 ноќевања со вклучен појадок во хотел VIP EXECUTIVE ZURIQUE 3+*(http://vipexecutivezuriquelisbon.h-rez.com/index.htm?lbl=ggl-en-rmk&gclid=EAIaIQobChMIreLx14Dn2QIVDpIYCh08PQkUEAAYAiAAEgIAMPD_BwE) Лисабон
- ✓ 2 ноќевања со вклучен појадок во хотел TRYP PORTO CENTRO 3*(https://www.melia.com/en/hotels/portugal/porto/tryp-porto-centro-hotel/index.html)во Порто
- ✓ Трансфер аеродром – хотел – аеродром
- ✓ Трансфер на релација Лисабон - Порто
- ✓ Трансфер на релација Скопје –Софија -Скопје
- ✓ Разглед на градовите Лисабон и Порто (со по еден ден: hop on- hop off):
- ✓ Посета на градовите Фатима и Коимбра
- ✓ Лиценциран придружник за време на целото патување
- ✓ Целосна реализација и организација на патувањето

## Во цената не е вклучено:

- Аеродромски такси 130€ (8.100 мкд)
- Факултативен излет на околината на Лисабон (Синтра, Кабо де Рока, Кашкаиш Есторил) со вклучена влезница за палатата Пена -**75€**
- Туристичка Такса-20€ во агенција при резервација.
- Влезници во музеи и културно историски споменици
- Карти за локален превоз
- Патничко- здраствено осигурување

## НАПОМЕНА:

- За овој аранжман важат Општите услови за патување на Терра Травел Скај.
- За реализација на аранжманот е потребен минимум од 20 патници
- За реализација на факултативните излети потребен е минимум од 18 патника. За факултативните излети задолжително е да се изјасните во агенцијата при уплата на аранжманот како би се направиле навремени резервации
- За овој програм важат Опшите Услови на патување на СКТМ и Терра Травел Скај .
- Цените се дадени во евра, уплата се врши во денарска противвредност по курс 1 евро=62 денари
- Организаторот на патувањето го задржува правото, да ја промени цената на аранжманот, доколку не се оствари минималниот број на патници
- Организаторот го задржува правото да го откаже или да ја зголем и цената на аранжманот како и цените на факултативните излети.
- Организаторот на патувањето го задржува правото, во случај на промена на цената на превозот да ја промени и цената на аранжманот.
- Организаторот го задржува правото да за отказ на аранжманот 7 дена пред патувањето.

**Пасошот треба да важи минимум 6 месеци од завршувањето на патување**